# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

30 јануари 2019 | Излегува по потреба | Година XIV | број 1



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ НА ООУ ''ДАНЕ КРАПЧЕВ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2018/2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/1**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 7 став (1) од Правилникот за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта, бр.07-9992/2 од 05.06.2014 година, донесен од Министерот за образование и наука на РМ и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Програма за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2018/2019 година, бр.02-52/10 од 21.01.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЕКСКУРЗИИ НА ООУ ''ДАНЕ КРАПЧЕВ'' - СКОПЈЕ, ЗА УЧЕБНАТА 2018/2019 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба дава позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ ''Дане Крапчев'' - Скопје, за учебната 2018/2019 година, бр.02-52/10 од 21.01.2019 година.

### Член 2

Одлуката да се достави до училишниот одбор заради одобрување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии за учебната 2018/2019 година.

### Член 3

Се задолжува училишниот одбор, за содржината на оваа одлука да ги извести Советот на родителите и Бирото за развој на образованието.

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/3**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/2**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.22/18), во член 9 став (1) алинеја 2 бројот ''14,6'' се заменува со бројот **''14,68''.**

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/4**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/3**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17 и 11/18), а во врска со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година, бр.44-11638/1-18 од 08.01.2019 година (Службен весник на РМ" бр.4/19), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.22/18), членот 1 се менува и гласи:

''Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за периодот од 01.01.2019 година до 31.08.2019 година изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.''

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/5**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/4**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за платниот промет (''Службен весник на РМ'' бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17 и 7/19), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2019 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува благајничкиот максимум за 2019 година, во износ од 120.000,00 денари.

**Член 2**

Готовите пари во благајната, примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден, а најдоцна наредниот ден од денот на наплатата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/6**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ - ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за поништување на Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/5**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ОПШТИНА ГАЗИ БАБА И ГРАД СКОПЈЕ, ЗАРАДИ ОСТВАРУВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКА ЦЕЛ - ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И САНАЦИЈА НА УЛИЦИ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Се поништува Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.22/18).

### Член 2

Советот на Општина Гази Баба дава препорака до Градоначалникот на Општина Гази Баба, да го задолжи секторот за градежништво, комунални работи и сообраќај, уредно да ја води збирката на донесени одлуки од Советот на Општина Гази Баба, од делокруг на секторот.

.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/7**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/6**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (15) од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16 и 163/17), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, бр.09-5699/1 од 18.12.2018 година, Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ ОД ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ ''ДЕТСКА РАДОСТ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.15/17), во член 1 став (1) алинеја 1, зборовите ''ФРОСИНА АНГЕЛОВА'' се заменуваат со зборовите **''АЛЕКСАНДАР КАРОВСКИ''**.

**Член 2**

Мандатот на именуваниот претставник во управниот одбор од членот 1 од оваа одлука, трае до истекот на мандатот на членовите на управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје, согласно Одлуката за конституирање на управен одбор, бр.02-78/3 од 01.02.2018 година.

**Член 3**

Одлуката да се достави до управниот одбор на ЈУДГ ''Детска радост'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/8**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ ''ГРИГОР ПРЛИЧЕВ'' - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/7**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 124 став (2) од Законот за основно образование (''Службен весник на РМ'' бр.130/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15 и 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на училишниот одбор на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје, бр.09-151/4 од 16.01.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ООУ ''ГРИГОР ПРЛИЧЕВ'' - СКОПЈЕ

### Член 1

Во Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.22/18), во член 2 став (1) алинеја 1, зборовите ''КРИСТИНА СИМЈАНОВСКА'', се заменуваат со зборовите **''ПЕНКА ЧУДО''**.

### Член 2

Одлуката да се достави до ООУ ''Григор Прличев'' - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/9**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/8**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (1) од Законот за семејството (''Службен весник на РМ'' бр.80/92, 9/96, 38/04, 33/06, 84/08, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15 и 150/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИ ОД СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА УЧЕСТВО ВО СКЛУЧУВАЊЕ НА БРАКОВИ ВО МАТИЧНАТА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ И МЕСНИТЕ КАНЦЕЛАРИИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба за учество во склучување на бракови во матичната служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/17), во член 1 став (1) точка - I. МАТИЧНА СЛУЖБА НА ГРАД СКОПЈЕ алинеја 1, зборовите ''МАРТИНА НАУМОВСКА'' се заменуваат со зборовите **''СЛАЃАНА СИМЕОНОВА - ВАСИЛКОВСКА''**.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/10**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2018 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/9**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 7 од Законот за јавните претпријатија (''Службен весник на РМ'' бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година, бр.02-20/3 од 17.01.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

## О Д Л У К А

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА - 2007'' - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2018 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година, бр.02-20/3 од 17.01.2019 година, донесена од управниот одбор.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/11**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ''Ф'', НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2019 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/10**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 4 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА**
**ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ''Ф'',**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Во Програмата за урбано планирање ''Ф'' на Општина Гази Баба за 2019 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.22/18), во точка ''ИВ.Ф.А Подпрограма за уредување на градежноземјиште (капитални трошоци)'' во ставка 4823 потставка 482320 - изградба на канализациони системи, во точка 6 - изградба на фекална канализација во н.м.Јурумлери, бројот ''7.000.000,00'' се заменува со бројот **''9.000.000,00''** а средствата од Град Скопје во висина од ''4.000.000,00 денари'' **се бришат**.

2. Во точка ''ИВ.Ф.А Подпрограма за уредување на градежно земјиште (капитални трошоци)'' во ставка 4829 потставка 482920 - изградба на други објекти, по точката 15 се додава нова точка **''16''** која гласи: **''Изградба на монтажен паркинг во н.м Автокоманда''** со предвидени средства во развојна програма од ''12.500.000,00 денари''.

3. Во колоната - развојни програми, бројот ''117.000.000,00'' се заменува со бројот **''131.500.000,00''**.

4. Во колоната - Буџет на Град Скопје, бројот ''74.700.000,00'' се заменува со бројот **''70.700.000,00''**.

5. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/12**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВКУПНИОТ ДОГОВОРЕН ИЗНОС ПО ДОВЕРИТЕЛИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ, А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/11**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 8 став (4) а во врска со член 10 од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски ("Службен весник на РМ" бр.209/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по предложениот извештај за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, бр.08-194/1 од 18.01.2019 година, Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ВКУПНИОТ ДОГОВОРЕН ИЗНОС ПО ДОВЕРИТЕЛИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДОСПЕАНИ, А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба во законски определениот рок го одобрува извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, бр.08-194/1 од 18.01.2019 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба, по влегување во сила на оваа одлука, истата заедно со извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, бр.08-194/1 од 18.01.2019 година, да се објават на веб страницата на општината.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/13**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА КОМАНДИР НА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ - ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за избор на командир на полициска станица од општа надлежност - Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/12**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 12 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 24 став (3) од Законот за полиција (''Службен весник на РМ'' бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16, 106/16, 120/16, 21/18 и 64/18), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по листата на кандидати за избор на командир на полициската станица од општа надлежност - Гази Баба, бр.09-206/1 од 21.01.2019 година, предложена од министерот за внатрешни работи, Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗБОР НА КОМАНДИР НА ПОЛИЦИСКА СТАНИЦА ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ - ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

За командир на полициската станица од општа надлежност - Гази Баба, се избира **САШО ВЕЛКОВСКИ** од Скопје, со завршено високо образование - факултет за физичка култура и работно искуство од 31 година во министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

**Член 2**

Ова одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/14**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА БРАНИТЕЛИТЕ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА, УЧЕСНИЦИ ВО КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА, КОИ ЖИВЕАТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/13**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА БРАНИТЕЛИТЕ И НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА, УЧЕСНИЦИ ВО КОНФЛИКТОТ ВО 2001 ГОДИНА, КОИ ЖИВЕАТ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

На товар на средствата на Буџетот на Општина Гази Баба во целост се ослободуваат или финансиски се покриваат трошоците за бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба, за следните категории:

- Трошоци за комуналии за градба;
- Надоместок за градинка;
- Надоместок за ужинка во основните училишта;
- Надоместок за училишни екскурзии;
- Надоместок за услугите кои ги врши ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје во руралниот дел.

**Член 2**

Советот на Општина Гази Баба ќе формира комисија за регистрација на бранителите и нивните семејства.

**Член 3**

Комисијата од членот 2 од оваа одлука ќе биде составена од 9 (девет) членови, од кои 7 (седум) ќе бидат членови на Советот на Општина Гази Баба и 2 (двајца) преставници на општинската администрација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/15**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИТНА НАБАВКА НА ПРОЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХОТ**

1. Се објавува Одлуката за итна набавка на прочистувачи на воздухот, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/14**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИТНА НАБАВКА НА ПРОЧИСТУВАЧИ НА ВОЗДУХОТ**

**Член 1**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба да изврши итна набавка на прочистувачи на воздухот за детските градинки ''Детска радост'' и ''25 Мај'', како и за сите основни училишта на територија на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Се задолжува општинската администрација задолжена за градинките и основните училишта, за следната седница на Советот да му достави информација за бројот на занимални во објектите на двете детски градинки и за бројот на училници во сите основни училишта на територија на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Се задолжува секторот за финансиски прашања на Општина Гази Баба, да изготви пресметка и до Советот на следната седница да достави информација за потребните средства за набавка на прочистувачите на воздухот.

Бројот на прочистувачите на воздухот ќе се утврди со информацијата од членот 2 од оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-182/16**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 и 12/14), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ ВО ЗНАК НА ПОЧИТ И СЕЌАВАЊЕ КОН ЗАГИНАТИТЕ ВО ПОПЛАВИТЕ ОД 6-ТИ АВГУСТ, 2016 ГОДИНА**

1. Се објавува Заклучокот за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на ден 25.01.2019 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-399/15**
**од 29.01.2019 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Борис Георгиевски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 5 став (3) и член 18 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата (''Службен весник на РМ'' бр.66/04, 89/08 и 152/15), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на Деветнаесеттата седница одржана на ден 25.01.2019 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН - ОБЕЛЕЖЈЕ ВО ЗНАК НА ПОЧИТ И СЕЌАВАЊЕ КОН ЗАГИНАТИТЕ ВО ПОПЛАВИТЕ ОД 6-ТИ АВГУСТ, 2016 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба ја прифаќа иницијативата за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање на загинатите граѓани во поплавите од 6-ти август 2016 година, во Општина Гази Баба.

2. Се задолжува Градоначалникот на Општина Гази Баба и општинската администрација, во рок од 60 дена од влегувањето во сила на овој заклучок, до Советот на Општина Гази Баба да предложат Предлог - Одлука за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање на загинатите граѓани во поплавите од 6-ти август, 2016 година.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-182/17**
**од 25.01.2019 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за давање позитивно мислење на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за организација и изведување на екскурзии на ООУ "Дане Крапчев" - Скопје, за учебната 2018/2019 година . . . . 4

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година . . . . . .6

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2019 година . . . . .8

**ОДЛУКА** за утврдување на благајнички максимум за 2019 година . . . . .10

**ОДЛУКА** за поништување на Одлуката за изменување на Одлуката за воспоставување на соработка помеѓу Општина Гази Баба и Град Скопје, заради остварување на заедничка цел - изградба, реконструкција и санација на улици во населените места во Општина Гази Баба . . . . . 12

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за именување на претставници од Општина Гази Баба во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје . . . . . 14

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Григор Прличев" - Скопје . . . . .16

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за определување на членови од Советот на Општина Гази Баба, за учество во склучување на бракови во матична служба на Град Скопје и месните канцеларии во Општина Гази Баба . . . . .18

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2018 година . . . . .20

**ПРОГРАМА** за изменување и дополнување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2019 година . . . . . 22

**ОДЛУКА** за одобрување на извештајот за вкупниот договорен износ по доверители за финансирање на доспеани, а неплатени обврски . . . . . 24

**ОДЛУКА** за избор на командир на полициска станица од општа надлежност - Гази Баба . . . . .26

**ОДЛУКА** за финансиска поддршка на бранителите и нивните семејства, учесници во конфликтот во 2001 година кои живеат на територија на Општина Гази Баба . . . . .28

**ОДЛУКА** за итна набавка на прочистувачи на воздухот . . . . .30

**ЗАКЛУЧОК** за прифаќање на иницијатива за подигање на спомен - обележје во знак на почит и сеќавање кон загинатите во поплавите од 6-ти август, 2016 година . . . . . 32



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.01/19**
**19 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж:10 примероци